Преглед на наоди, заклучоци и препораки од

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS

ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ

MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# СТУДИЈА ЗА **УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ** ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# **МЕШАНА СЛИКА** ЗА **РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ** ВО КОНТЕКСТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2021

Изминати се дваесет години од воведувањето на квоти за родова застапеност во законската рамка за избори во Северна Македонија. Во текот на тие две децении одржани се повеќе од дваесет изборни циклуси, од кои најнови се локалните избори одржани во октомври 2021 година.

И покрај бројните напори и иницијативи за зголемување на учеството на жените во изборните процеси во државата и поттикнување на родовата еднаквост во општеството во целина, вклучително и воведувањето на квотите за родова застапеност во 2002 година, константно ниското учество на жените во изборните и политичките процеси во Северна Македонија продолжува да биде една од најголемите пречки за постигнување родова еднаквост и вистинска демократија.

Овој преглед ги претставува клучните наоди од новото емпириско истражување за пречките за учеството на жените во изборните и политичките процеси во Северна Македонија. Истражувањето е спроведено во рамките на проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија" на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), спроведуван од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Во рамките на истражувањето се собираа и анализираа квантитативни и квалитативни податоци од анкета на јавното мислење и дискусии во фокус групи за гледиштата на граѓаните, жените-политичарки и претставници на медиумите во однос на темата жени во политиката. Наодите, заклучоците и препораките од истражувањето се наведени подолу во вид на извадоци од стручната анализа.

Ставовите, мислењата и содржината искажани во овој преглед не ги одразуваат нужно ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот на проектот.

# Наоди од **анкетите**



## Интерес за локална политика и претежни уверувања и гледишта за жените во политиката

Испитаничките изразуваат нешто помал интерес за локалната политика (**43%**) отколку мажите-испитаници (**48%**).

**Само 56 отсто** оод граѓаните изразуваат интерес за женските прашања и за политичкото учество на жените во локалните и парламентарните избори (**63%** жени и **49%** мажи).

**89%** **80%**

Граѓаните **веруваат во** загарантирана еднаквост меѓу жените и мажите како граѓани

**77%** **67%**

Граѓаните **веруваат во** четириесет-процентно учество на жените во сите нивоа на власт



**88%** **84%**

Граѓаните **веруваат во** еднакви можности за жените и мажите

**72%** **62%**

Граѓаните **веруваат во** избори со кандидатски листи кои се во согласност со квотата за родова застапеност, односно со четири кандидати од еден пол и шест кандидати од друг пол

На локално ниво, најпознати/најпрепознатливи жени се оние кои се активни во:

- Политика (политичарки, партиски активистки, припаднички на партии): **20%**
- Локална самоуправа (општински советнички, кандидатки за советнички места): **19%**
- Здравствен сектор (лекарки и жени-стоматолози): **16%**

## Додека **68%** отсто од испитаничките се согласиле дека има повисоки очекувања од жените - јавни личности, само **47%** отсто од мажите-испитаници се согласиле дека е така.

Испитаниците ги посочија следните фактори како главни пречки за делотворно учество на жените во изборни процеси:

- Двојниот товар што го носат жените поради нивниот несразмерен удел во грижата и работата во домаќинството и раѓање/одгледување деца (**43%**)
- Традиционални родови улоги, стереотипи и дискриминаторски ставови и норми (**41%**)
- Недостиг од партиска поддршка и исклученост од партиските структури на одлучување (**38%**)



**66%** **59%**

Граѓаните сметаат дека на општо ниво жените и мажите **не се подеднакво застапени** во дискусиите и дебатите за теми од јавен интерес.

**62%** **54%**

Граѓаните сметаат дека жените и мажите **не биле подеднакво застапени** во дискусиите и дебатите за теми од јавен интерес за време на локалните избори во 2021 година.



## Ниво на свесност за учеството на жените во изборни и политички процеси

На прашањето дали повеќе жени-кандидатки учествувале на локалните избори во 2021 година во споредба со претходни избори, **34% од мажите-испитаници** се согласиле, додека **60% од жените** одговориле дека бројот не е зголемен.

**Тројца од 10 граѓани** изјавуваат дека знаеле дека носители на партиски кандидатски листа на нивните општински избори биле жени.

**Половина од анкетираните граѓани** изјавиле дека помалку од пет од 81 градоначалник избрани во секој од изборните циклуси биле жени.

## Поголемиот дел од испитаниците ги посочуваат следниве фактори како предуслови за зголемување на опсегот и квалитетот на застапеноста на жените во политиката:

- Промена во менталитетот (**78%**)
- Суштински напори од страна на политичките партии да вклучат повеќе жени (**70%**)
- Програми за обука и менторство што би им се понудиле на жени (**62%**)



На прашањето дали би избрале маж или жена кандидат за градоначалник доколку имаат избор меѓу двајца инаку еднакво привлечни кандидати, **65%** од жените и само **22%** од мажите одговориле дека би ја избрале жената-кандидатка.

## Негативните ефекти од родовите стереотипи врз впечатоците на граѓаните за учеството на жените во јавниот живот и за жени на лидерски позиции

Главните критериуми со кои се ориентираат граѓаните при гласањето за мажи и жени кандидати се:




# Наоди од **фокус групи**

## Општи впечатоци за жените во политиката во Северна Македонија

Според учесниците во фокус групите, вклучително и жени-кандидатки, жени што членуваат во партии и избрани жени-политичарки, зголемениот број на жени на кандидатските листи се должи единствено на законот кој пропишува обврска за 40 проценти застапеност на жените. Иако политичките партии во голема мера ја почитуваат оваа квота, тие ретко поставуваат жени за носителки на кандидатските листи.

### Причини за недоволен број на жени во политиката

- Машката доминација во политиката
- Традиционалните родови улоги во домаќинството
- Стереотипите и предрасудите поврзани со жените
- Говорот на омраза во медиумите.

### Избор на жени-кандидатки за кандидатски листи

- Клучниот двигател за жените да се кандидираат за општински совети е привлечноста на партиската програма, особено во однос на родовите прашања и вклученоста на жените во одлучувањето во партиите.
- Главна поддршка за кандидатури на жените се женските форуми на политичките партии, други членови на партијата, роднините и партнерите.
- Главните предизвици со кои се соочуваат жените-кандидатки се „политиките и калкулациите на партиските раководства“ и доминантност на мажите во конечниот избор и редослед на кандидати на листите.

## Нивоа на поддршка за учество на жените во изборни и политички процеси



- ✓ Доколку за градоначалничко место или на советничка листа се кандидираат жени, **50 отсто од испитаничките** би гласале за таа политичка партија, наспроти само **25 отсто од мажите-испитаници**.
- ✓ Додека **79 проценти од жените** поддржуваат проширување на просторот за жените во политиката на локално ниво, **секој трет маж** е против.
- ✓ Главните причини наведени од граѓаните за поддршка на проширувањето на просторот за жените во политиката беа „потребата од родова еднаквост, еднакви права и унапредување на демократијата“ **(19%)**.

  **Само три проценти** изјавиле дека го поддржуваат ова бидејќи сметаат дека „жените се почесни и потранспарентни“, „храбри и борбени“, или затоа што „жените имаат подобри визии и идеи, и се покреативни и поиновативни“.

Најистакнатите причини наведени за недавање поддршка за проширување на просторот за жените во политиката беа ставовите дека „политиката е за мажи, а не за жени“ **(16%)**, дека жените „не би имале време за обврските околу семејството и домот“ **(13%)** и дека „мажите се поспособни, поактивни, постабилни и поодлучни“ **(11%)**.

### Искуства од кампањата

- **Главни активности што ги реализираат жените-кандидатки:** директни средби со граѓаните (одење од врата до врата); делење флаери и промотивни материјали; конференции за медиумите
- **Главна поддршка:** сопартијки/сопартијци и женските форуми на политичките партии; партнери и роднини; обуки за јавни настапи и комуникација со новинари
- **Предизвици:** говор на омраза на друштвените мрежи во однос на физичкиот изглед на кандидатките; недостаток на обуки за јавни настапи и односи со медиумите



**Што би направиле поинаку доколку повторно би се кандидирале на избори?**

- ☑ “БИ НАСТАПУВАЛА ПОХРАБРО И ПОАМБИЦИОЗНО”
- ☑ “БИ БИЛА ПОКОНКРЕТНА И ПОЈАСНА ВО ИСКАЖУВАЊЕТО БАРАЊА”
- ☑ “БИ ИМАЛА ПОСИЛНА САМОДОВЕРБА, А ПОМАЛКУ САМОКРИТИЧНОСТ”

### Медиуми и родови прашања

- Потребна е поголема контрола врз онлајн медиумите и веб-порталите каде е забележано пониско ниво на отчетност
- Нема еднаквост и правичност во начинот на кој медиумите ги прикажуваат мажите и жените како политички кандидати
- Жените се лесни мети во медиумите, и нивните политички кариери се ранливи на говор на омраза кој директно ги напаѓа нивниот морал и достоинство
- Говорот на омраза во медиумите и на друштвените мрежи во голема мера ги одвраќа жените од јавен ангажман и активно учество во политиката, и честопати тоа доведува до напуштање на политичките кариери.
- Сите горенаведени фактори придонесуваат кон нееднаква застапеност на жените во јавните дебати во изборните кампањи

# Заклучоци и препораки

## Општо: Жените во политиката

Недоволната застапеност на жените во политиката во Северна Македонија и отсуството на соодветна поволна средина за поддршка на остварување суштинско политичко влијание на жените и понатаму претставуваат значителни предизвици што придонесуваат кон родовата нееднаквост во општеството.

Иако постои „солидарност помеѓу жените“ во општеството, таа не доведува до тоа жените да гласаат за жени-кандидатки. Иако во јавноста се согледува и постои свест за недоволниот пристап на жените до лидерски позиции во сите домени на општеството, тоа не се преточува во поддршка од мажите за примена на квоти за родова застапеност како механизам за овозможување подобар пристап на жените до лидерски позиции. Всушност, кај мажите се забележува значителен отпор кон квотите за родова застапеност.

Родовите стереотипи и предрасуди влијаат врз изборот на кандидатите од страна на партиите и нивното позиционирање на жените-кандидатки на кандидатските листи за советници, и предлагање на кандидати за избори за градоначалници. Ваквите стереотипи влијаат и врз изборот на гласачите на изборите, како одраз на неправедно претставување на жените-политичарки во медиумите. Оваа неправичност го опфаќа и медиумското внимание на брачниот статус и физичкиот изглед на кандидатките наместо на нивните политички ставови и предлози.



## Изборни реформи и правна рамка

Има докази дека постои значителна јавна поддршка за политичка застапеност на жените, особено како градоначалници. Сепак, политичките партии не одговорија задоволително на оваа поддршка и барање.

> Овој факт поткрепен со докази треба да се истакне како повод за предлагање измени во изборниот систем, вклучително и внатрепартиските демократски процеси, со цел да се зголеми бројот на жени избрани на градоначалнички места.

Во системот на затворени листи што се употребува на изборите за советници во општините во Северна Македонија, политичките партии се тие кои го одредуваат рангирањето на кандидатите на гласачкото ливче, додека избирачите можат само да ја поддржат или отфрлат целата листа без можност за промена во редоследот на местата што им се доделуваат на кандидатите.

> Потребно е да се воведат одредби во Изборниот законик за да се обезбеди рамномерна родова застапеност кај носителите на кандидатските листи.
>
> Потребно е да се воведе т.н. „патент систем“ на вертикален паритет, во кој партиите наизменично поставуваат жени и мажи на нивните кандидатски листи, притоа постигнувајќи поправедна и побалансирана застапеност.

Постојниот недостаток на уредување на политичките комуникации и отсуство на отчетност за говорот на омраза и/или дискриминаторско изразување на друштвените мрежи, особено за време на изборните кампањи, директно се преточува во повисоко ниво на ранливост на жените-кандидатки на негативна изложеност во јавноста.

> Треба да се разгледаат начини да се подобри уредувањето на онлајн политичките активности, како и да се санкционира клевета и говор на омраза за време на изборните кампањи.

## Политички партии



Иако политичките партии потпишуваат кодекси на однесување пред изборните кампањи, во пракса тие обично не успеваат да ги решат случаите на недолично однесување кон жените од страна на нивните членови или да ги заштитат жените-кандидатки од говор на омраза.

Сите политички партии треба да усвојат или да ги подобрат нивните постојни формални кодекси на однесување со цел да обезбедат поделотворно уредување на однесувањето на членовите на партијата, вклучително и недоличното однесување кон жените. Сите кодекси на однесување треба да содржат детали за постапката и санкциите што треба да се применат во случаи на недолично однесување.

Податоците собрани од анкетите и дискусиите во фокус групите ја потврдуваат широко распространетата перцепција дека жените-политичарки во Северна Македонија немаат доволна поддршка од нивните политички партии. Конкретно, жените се соочуваат со бариери во форма на отсуство на поддршка од партиските раководства во кои доминираат мажи што ги одредуваат внатрешните правила на партиите, широко распространета пристрасност по родова основа во партиските практики и повисоки очекувања од жените на јавни функции.

Потребни се содржајни напори за негување поголема родова еднаквост во политичките партии во Северна Македонија, вклучително и континуирано застапување за подобра политичка застапеност на жените во структурите на одлучување во политичките партии. Поттикнувањето на вклучување на машките членови на партијата во овие напори може да биде важно за да се постигнат еднакви можности за жените во партиите.

Самите жени-политичарки треба да научат како да стекнуваат, задржуваат и прошируваат политички капитал. Ова опфаќа развој на вештини за јавни настапи и дигитални комуникации. Политичките партии мора да ја дадат потребната поддршка за да ги поддржат жените-кандидатки и избраните претставнички во стекнување на овие вештини, вклучително и преку охрабрување да зборуваат на јавни дебати и преку обезбедување или поддршка на обука за користење на информатички и комуникациски технологии.

## Изборна администрација



Составот на Државната изборна комисија, како највисок изборен орган во Северна Македонија, не е во согласност со законските одредби со кои се пропишува родова застапеност на најмалку 30% од помалку застапениот пол.

Процесот на предлагање на членови на Државната изборна комисија мора да се придржува кон Изборниот законик и кон Законот за еднакви можности на жените и мажите и неговите одредби за еднакви можности и родова застапеност.

Анкетите и анализата преземени во ова истражување покажуваат дека ДИК треба да ја зајакне институционалната посветеност за вклучување на родовата перспектива во нејзините структури и активности, вклучително и во врска со недоволното обезбедување податоци расчленети според пол за учеството на жените во политичките и изборните процеси.

ДИК и другите релевантни чинители вклучени во спроведувањето на изборите треба да ги преземат сите неопходни напори за обезбедување податоци расчленети според пол кои се однесуваат на сите фази од изборниот процес.

Ова истражување потврдува дека квотата за родова застапеност од 40 проценти за кандидатските листи не доведува нужно до 40 проценти застапеност на жените во општинските совети.

**ДИК би можела да го ревидира своето упатство за постигнување 40 отсто квота на родова застапеност за кандидатските листи за дополнително да ги зголеми можностите за избор на жени во советнички позиции.**

Најновиот стратешки план и родовиот акциски план на ДИК обезбедуваат стратешко и долгорочно планирање неопходно за градење институционална посветеност на родовата еднаквост.

**Активностите предвидени во родовиот акциски план на ДИК мора целосно да се спроведат. Овие активности треба да опфатат насочени обуки за раководството и службата на теми поврзани со родови прашања, како и напори за ДИК да обезбедува доволно податоци расчленети според пол за сите аспекти на изборите.**

**ДИК би требало да размисли за изработка на стратегии и учество во партнерства со цел да овозможи дополнително распространување на податоци за изборите расчленети според пол во поширoки рамки од објавувањето на таквите податоци на нејзината веб-страница.**

## Медиуми

Жените во Северна Македонија водат нерамноправна борба за еднакви можности и еднакво учество во политичките и изборните процеси.

**Потребни се напори во насока на поддршка за предлозите од медиумските практичари наведени во ова истражување за вклучување на родовата еднаквост во уредувачките политики и воспоставување механизми и човечки ресурси за медиумско следење и поттикнување на напредокот на жените во политиката.**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како главно медиумско регулаторно тело во Северна Македонија, е посветена на документирање и спротивставување на шаблоните и индивидуалните случаи на стереотипно прикажување на жените во медиумската средина.

**Капацитетот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги треба дополнително да се зајакнува во делот на следење на кампањите за локални избори и спроведување наменски обуки за новинари на теми поврзани со родови прашања.**

**Потребни се посилни напори од страна на сите надлежни државни органи за поделотворно следење на онлајн медиумите, на општо ниво, како и конкретно во однос на кампањите на онлајн медиумите за време на државните и локалните избори.**


SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Овој краток преглед е изработен во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи" на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во оваа публикација не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

INTERNATIONAL FOUNDATION FOR ELECTORAL SYSTEMS
IFES